Врз основа на член 12 став 1 точка 13, а во врска со член 6 став 1 точка 4 од Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој ("Службен весник на Република Македонија" бр.72/2007, 05/2009, 43/2014, 193/2015, 39/2016 и 164/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 190/19), Јавниот оглас бр.04/2024 за поднесување на барања за исплата на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 13/2024, 34/2024 и 198/2024)

**ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ:**

1. Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, како давател на финансиска поддршка (во понатамошниот текст: АФПЗРР) претставувана од В.Д.Директорот Илија Стоилев,
со седиште на "Бул. III Македонска Бригада, 20 (зграда на Македонија Табак блок Ц), 1000 Скопје, и со адреса за коресподенција "Бул. III Македонска Бригада, 20 (зграда на Македонија Табак блок Ц), 1000 Скопје

од една страна, и

2. ________________________________со ЕМБГ/ЕДБ _____________________ претставувано од ___________________ со ЕМБГ _____________________________како страна на која и е одобрена финансиска поддршка (во понатамошниот текст: Корисник), со адреса:
Ул. ____________________________________
место на инвестицијата предмет на овој договор,

________________________________________________ од друга страна, го склучија следниот:

**ДОГОВОР ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА**

**Бр. (16-          )**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

**Предмет на Договорот**

(1) Со овој договор се уредуваат правата и обврските на договорните страни во врска со исплатата и користењето на финансиската поддршка од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој 2024,
(2) Финансиската поддршка ќе се користи согласно со:
Мерката 121 „Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства" за набавка на добиток и набавка на пчелни матици и роеви.
(3) Целокупната инвестиција детално по количина, активности, цена и ко-финансирана сума е наведена во Прилог 2 кој е составен дел на овој договор.

**Член 2**
**Договорен износ**

(1) Вкупна одобрена вредност на инвестицијата е ______________________МКД (со зборови ______________________________________________________________________денари)
(2) Финансиската поддршка изнесува ______________________МКД (со зборови ______________________________________________________________________денари)
т.е. _____% од вкупно одобрена вредност на инвестицијата.
(3) АФПЗРР ќе исплати ____% од реално направените, оправданите и прифатливите трошоци, но не повеќе од износот од став 2 на овој член и не повеќе од износот за поединечни стоки и услуги наведен во Прилог 2 на овој договор, дури и во случај реално направените трошоци да го надминуваат одобрениот износ.

## II. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

**Права на корисникот**
**Член 3**

(1) Корисникот има право на финансиска поддршка до износот наведен во член 2 став 2 од овој договор, односно до износот за поединечни стоки и услуги наведен во Прилог 2, согласно начинот, условите и роковите утврдени во овој договор.
(2) Корисникот има право да бара измени и дополнувања на Договорот поради околности кои биле непознати во моментот на потпишување на истиот.
(3) Корисникот или негов овластен претставник има право да ги наведе своите забелешки во извештајот за извршена контрола на лице место и истиот да го потпише.

**Обврски на корисникот**
**Член 4**

(1) Корисникот се обврзува во прилог на писменото барање за измени и дополнувања на Договорот да достави соодветни документи.
(2) Корисникот се обврзува да го задржи бројот на матици, роеви и добиток, предмет на овој договор за целовреметраење на Договорот.
(3) Корисникот се обврзува доколку дојде до угинување на добитокот/матиците/роевите да ја извести АФПЗРР во рок од 15 дена и истиот да го надомести со цел да го задржи бројот на грла добиток/матици/роеви одобрен во Договорот.
(4) Корисникот се обврзува на барање на АФПЗРР да доставува информации/податоци.
(5) Корисникот се обврзува веднаш да ја извести АФПЗРР доколку настанат околности кои имаат влијание врз спроведувањето на инвестицијата предмет на овој договор.
(6) Корисникот се обврзува да обезбеди целосен и непречен пристап на овластените лица на АФПЗРР до документите, објектите, опремата и имотот кои се од значење/поврзани за/со инвестицијата, за време на контролата на лице место, како и при спроведувањето на надзорот над овој договор за целото негово времетраење.
(7) Корисникот или овластен претставник се обврзува да се легитимира на барање на овластените лица од АФПЗРР за време на контролата на лице место.
(8) Корисникот се обврзува да не ја отуѓува, дава под закуп инвестицијата предмет на овој договор за целото негово времетраење.
(9) Корисникот се обврзува да не ја менува намената и целта на инвестицијата предмет на овој договор за целото негово времетраење.

(10) Корисникот се обврзува да не го менува местото на инвестицијата, предмет на овој договор.
(11) Корисникот се обврзува да ги чува оригиналните документи кои се однесуваат на предметот на овој договор за целото негово времетраење.
(12) Корисникот се обврзува дека нема да користи неповратна финансиска помош од други фондови за финансирање на инвестицијата предмет на овој договор.
(13) Корисникот се обврзува во случај на исплата на повеќе средства од одобрените со решението за исплата донесено од АФПЗРР, веднаш да го врати износот кој преставува разлика меѓу исплатениот и одобрениот износ, а во спротивно АФПЗРР ќе пресметува казнена камата.
(14) Корисникот се обврзува да ја извести АФПЗРР за настанатите промени во личните податоци (име презиме, назив на фирма, адреса,).
(15) Во случај кога барателот има неплатени, а доспеани обврски утврдени во член 14 од Законот за земјоделство и рурален развој, Агенцијата ќе спроведе постапка за подмирување на финансиските обврски со износот на одобрената финансиска поддршка од наведен во член 2 став 2 од овој договор, по претходна изјава за согласност.
(16) Корисникот се обврзува да не го менува статусот во Единствениот регистар на земјоделски стопанства (ЕРЗС) за времетраење на договорот.

**Права на АФПЗРР**
**Член 5**

(1) АФПЗРР има право да врши контрола на лице место за целото времетраење на овој договор.
(2) АФПЗРР има право да го задолжи корисникот во определен рок да го надомести добитокот/матици/роеви доколку при контрола на терен е утврден помал број од оној утврден со овој договор.
(3) АФПЗРР има право да бара дополнување или појаснување во однапред утврден рок.
(4) АФПЗРР има право да бара информации, податоци и материјали потребни за следење, евалуација и контрола на лице место на инвестицијата, како и да бара слободен пристап до објектите, просториите, опремата и имотот поврзани со инвестицијата предмет на овој договор.
(5) АФПЗРР има право на својата интернет страна да ги објави следниве податоци за Корисникот:

- име и презиме (кога корисник е физичко лице) или целосен назив според регистрација (кога корисник е правно лице),
- општина во која престојува или е регистриран корисникот, поштенски број и
- износот на финансиската поддршка во денари од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој.

(6) АФПЗРР има право да го одбие барањето за измени и дополнување на Договорот доколку:

- доведува до неизводливоста на инвестицијата;
- е во спротивност со националната важечка регулатива;

(7) АФПЗРР има право да бара поврат на исплатената финансиската поддршка доколку Корисникот:

а) доставил не точни податоци врз основа на кои се стекнал со финансиска поддршка од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој,

б) користел неповратна финансиска помош од други фондови за финансирање на инвестицијата предмет на овој договор,

в) ја отуѓува или ја менува намената и целта на инвестицијата, предмет на овој договор,

г) несовесно постапува со инвестицијата предмет на овој договор (несоодветно ја чува, не ја известува АФПЗРР за настанати промени кои влијаат врз инвестицијата предмет на овој договор),

д) примил повеќе средства од оние одобрени со решението за исплата, поради административна грешка на АФПЗРР,

ѓ) не обезбеди целосен и непречен пристап на овластените лица на АФПЗРР до документите, објектите, опремата и имотот кои се од значење/поврзани за/со инвестицијата, за време на контролата на лице место, како и при спроведувањето на надзорот над овој договор за целото негово времетраење,

е) не го надомести бројот на добиток/матици/роеви во определениот рок,

ж) во други случаи утврдени согласно Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

(8) АФПЗРР во случај на поврат на средства пресметува казнена камата по истекот на рокот за поврат на средства утврден во Решението за поврат на средства донесена од АФПЗРР.

(9) АФПЗРР има право да поведе извршна постапка во случај Корисникот да не изврши поврат на средства во рок од 15 дена од приемот на Решението за поврат на средства.

**Обврски на АФПЗРР**

**Член 6**

(1) АФПЗРР се обврзува да изврши исплата на финансиската поддршка доколку се исполнети условите од овој договор.

(2) АФПЗРР се обврзува да спроведе контрола на лице место преку овластени контролори кои се должни да се легитимираат пред Корисникот или овластен претставник.

(3) АФПЗРР се обврзува со личните податоци на Корисникот да постапува согласно прописите од областа на заштита на лични податоци.

## III. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 7**

(1) Овој договор може да се раскине:

- со взаемна согласност на договорните страни,
- еднострано од страна на АФПЗРР доколку Корисникот не се придржува кон одредбите на овој договор, или
- еднострано од страна на Корисникот, само пред исплата на финансиската поддршка.

(2) Во случај на раскинување на Договорот согласно став 1 алинеја 2 на овој член, АФПЗРР веднаш ќе го извести Корисникот.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 8**

(1) Корисникот изјавува под целосна морална, материјална и кривична одговорност, дека сите податоци содржани во извештаите и документите доставени до АФПЗРР се точни и автентични.

(2) Заради обезбедување на информации за документите кои треба да се достават во прилог на барањето за измени и дополнувања на Договорот, како и поради доставување на истите до АФПЗРР Корисникот е согласен да се обрати до АФПЗРР на следнава адреса:

"Бул. III Македонска Бригада, 20 (зграда на Македонија Табак блок Ц)", 1000 Скопје
Контакт телефон: 02/3097-450
Интернет адреса: www.ipardpa.gov.mk

**Стапување во сила и времетраење на Договорот**
**Член 9**

(1) Со потпишување на овој договор, договорните страни ја изразуваат својата слободна волја, потврдуваат дека го прочитале и го разбрале Договорот и дека се согласуваат со правата и обврските кои произлегуваат од него како и со неговите правни последици.
(2) Овој договор ќе стапи на сила на денот на неговото потпишување од двете договорни страни и ќе биде во сила пет години по последната исплата од страна на АФПЗРР.

**Прилози**
**Член 10**

Следните Прилози претставуваат составен дел на овој договор:
1. Прилог 1 – Дефиниции
2. Прилог 2– Табела за користење на финансиска поддршка по стоки и услуги

**Спорови**
**Член 11**

За споровите кои произлегуваат од овој договор надлежен ќе биде Управниот суд на Република Македонија.
Двосмислени или неразбирливи одредби од овој договор се толкуваат во полза на АФПЗРР.

**Примероци**
**Член 12**

Овој договор е склучен во четири идентични примероци, по два за секоја договорна страна.

| | |
|---|---|
| Дата, __.__ | Дата, __.__. |
| Архивски бр. 16-/___ | |
| Директор на АФПЗРР: | Корисник: |
| _______________ | _____________ |

## ПРИЛОГ 1 – ДЕФИНИЦИИ

Во контекст на овој договор, изразите кои се користат во овој договор го имаат следното значење:

- “Вкупна одобрена вредност на инвестицијата” се трошоците кои АФПЗРР ги одобрува како прифатливи за ко-финансирање согласно Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2024 година;
- “Финансисика поддршка” се средствата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2024 година кои АФПЗРР ги ко-финансира во согласност со овој договор;
- „Реализирана инвестиција” е инвестицијата која е набавена, испорачана, платена и се наоѓа на местото на инвестицијата наведено во овој договор.